РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Примено: 13.04.2023

| Организ.ед. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 18 - | 693/1 | | |

( Образец ПП……)

**До: _Општина___**
**(имател на информацијата)**

# **Б А Р А Њ Е**
## **ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________
______________________________________________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер

1. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска или логистичка поддршка на **Локалниот младински совет** во општината во 2022 година? ( Да се наведат поединечните износи)

2. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на **Локалното собрание на млади** во 2022 година? ( Да се наведат поединечните износи)

3. Колку финансиски средства се издвоени и потрошени за донесување и усвојување на **локалната стратегија за млади** во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

4. Колку финансиски средства се издвоени и потрошени за реализација на активностите предвидени во **локалната стратегија за млади** во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

5. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на **Канцеларијата за млади** во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

6. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на **Младинскиот центар** во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

7. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на **Службеникот за млади** во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

**- г) електронски запис**

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

**- г) е-маил** (на адресата [redacted])

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

[redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 13.04.2023 година, имателот на информацијата Општина Гевгелија го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

[redacted] Барање за пристап до информации од јавен карактер, бр.18-693/1 од 13.04.2023 год., доставено до имателот на информации Општина Гевгелија,

Се УВАЖУВА.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], имателот на информацијата Општина Гевгелија позитивно одговори на поднесеното барање кое се однесува на барање до општинската администрација, односно барање на информации за:

1. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска или логистичка поддршка на **Локалниот младински совет** во општината во 2022 година?

2. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на **Локалното собрание на млади** во 2022 година?

3. Колку финансиски средства се издвоени и потрошени за донесување и усвојување на **локалната стратегија за млади** во 2022 година?

4. Колку финансиски средства се издвоени и потрошени за реализација на активностите предвидени во **локалната стратегија за млади** во 2022 година?

5. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на **Канцеларијата за млади** во 2022 година?

6. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на **Младинскиот центар** во 2022 година?

7. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на **Службеникот за млади** во 2022 година?

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

Барањето е разгледано и на барателот му се доставува одговорот на барањето.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактерво рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Гевгелија, 26.04.2023 година, под бр. 18-693/3

По овластување
на Градоначалник на Општина Гевгелија
Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Томе Јанкуловски

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бр. 18-693/2**
**26.04.2023 год.**
**Гевгелија**

[redacted]

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Гевгелија

**ВРСКА:** архивски број на примено барање 18-693/1 од 13.04.2023 год

Почитувани,

Во врска со вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, каде е наведено дека од имателот ја барам следната информација од јавен карактер (по наведените точки), односно:

1. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска или логистичка поддршка на **Локалниот младински совет** во општината во 2022 година? ( Да се наведат поединечните износи)

2. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на **Локалното собрание на млади** во 2022 година? ( Да се наведат поединечните износи)

3. Колку финансиски средства се издвоени и потрошени за донесување и усвојување на **локалната стратегија за млади** во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

4. Колку финансиски средства се издвоени и потрошени за реализација на активностите предвидени во **локалната стратегија за млади** во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

5. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на **Канцеларијата за млади** во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

6. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на **Младинскиот центар** во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija - Republika Severna Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843

7. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на **Службеникот за млади** во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

Ви доставуваме информација по наведените прашања,

**Информација на прашање бр.1 и 2,**

Општина Гевгелија обезбедува ½ од административната, финансиската и логистичката поддршка во 2022 година.

За формирање на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија, согласно насоките во Прирачникот за локални младински совети, распиша Јавен повик за избор на членови во Локален младински совет со број 08-1530/1 од 24.06.2022 година. Истиот беше објавен на официјалните веб и Фејсбук-страница на Општина Гевгелија. Во рокот за доставување апликации до 8 јули, пристигна само една апликација од Здружението на пчелари „Апитоксин“- Гевгелија со номинирано лице за член во ЛМС на ОГ, Кристијан Алчинов. Поради недоволниот број апликации, ЛСМ на ОГ го продолжи Јавниот повик од 8 до 18 јули, 2022 година со бр. 08-1530/3. Во продолжениот рок пристигнаа уште 5 апликации од разни облици на организации кои работат со млади и тоа од:

- Атлетски клуб „7 Ноември“- Гевгелија со номинирано лице Атанас Епов;
- ОО Црвен крст- Гевгелија со номинирано лице Памела Петровска;
- УМС при ОК ВМРО-ДПМНЕ Гевгелија со номинирано лице Георги Петков;
- Центар за едукација, култура и активизам „Мултус“- Гевгелија со номинирано лице Тијана Ристовска и
- Регионален центар за одржлив развој- Гевгелија со номинирано лице Благоја Панов.

По разгледувањето на апликациите и излагањето на номинираните лица за членови во Локален младински совет, на третата седница на ЛСМ на ОГ, делегатите донесоа Одлука членови во ЛМС на ОГ да бидат: Памела Петровска, Тијана Ристовска, Кристијан Алчинов, Георги Петков и Атанас Епов. По изборот, ЛМС на ОГ ја достави Одлуката до Советот на Општина Гевгелија за верификација на нивните мандати. Советот на Општина Гевгелија, на 15 седница, одржана на 30 септември, 2022 година, со Решение бр. 09-2031/1 им ги верифицираше мандатите на избраните членови во ЛМС на ОГ со времетраење на мандатот од 2 години.

Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, на 11 ноември, 2022 година, ја одржа својата 3. седница. На седницата, членовите на Локалниот младински совет ја усвоија Програмата за работа на ЛМС на ОГ, која ја достави до Советот на Општина Гевгелија како предлог за усвојување во рамките на Буџетските програми за 2023 година. Имено, пред закажувањето на 3. седница, членовите на Локалниот младински совет и Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија работеа на креирањето Предлог-Програма со мерки и активности, согласно потребите и интересите на младите од општина Гевгелија. На 22. седница на Советот на Општина Гевгелија, беше усвоена Програмата за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија во 2023 година, утврдена на 264.000 денари од Општинскиот буџет, запазувајќи ја законската рамка од најмалку 0,1% локалните самоуправи да издвојат од буџетите за спроведување младински политики и активности.

Од страна на Општина Гевгелија и службеникот за млади беше одбезбедена административна и логистичка поддршка за формирање Локален младински совет,

како и за одржувањето седници на Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија.

**Информација на.прашање бр.3 и 4,**

Изработката на Локалната стратегија на млади како активност е опфатена во Програмата за работа на Локалниот младински совет во 2023 г. и за неа се предвидени 12.000 денари.

**Информација на прашање бр.5,**

Исто така и функционирање на Канцеларија за млади, како активност е опфатена во Програмата за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија во 2023 година и за неа се предвидени 90.000 денари.

**Информација на прашање бр.6,**

Во Општина Гевгелија се уште нема формирано Младински центар.

**Информација на прашање бр.7,**

Службеникот за млади е назначен од редовите на општинската администрација во Општина Гевгелија.

Со почит,

Изготвил:
Томе Јанкуловски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Доставено до:
- насловот
- архива